# АМЕРИКАНСКА ГРАФИКА: НОВИ ПРАВЦИ



РОБЕРТ РАУШЕНБЕРГ

ВИЛЕМ ДЕ КУНИНГ

ЕЛСВОРТ КЕЛИ

РИЧАРД ЛИНДНЕР

ФРЕНК СТЕЛА

РИЧАРД АНУШКИЈЕВИЧ

ХЕНРИ ПИРСОН

МАЈКЛ МЕЈЗУР

ЛУЈЗА НЕВЕЛСОН

ЏАСПЕР ЏОНС

РОЈ ЛИХТЕНСТАЈН

СЕМ ФРЕНСИС

КЕРОЛ САМЕРС

ЛИ БОНТЕКУ ЛЕО РЕБКИН

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ — СКОПЈЕ

MUSÉE DART CONTEMPORAIN — SKOPJE

6 — 25 АПРИЛ 1971.

## УВОД

Во времето на непрекинатото експериментирање во уметностите, графиката со својата огромна флексибилност, стана медиум од превосходно значење. Откако ќе го подготви основниот цртеж на камен, плоча, дрво, или на свилено сито, графичарот може да манипулира со бои, текстури, со стари и нови материјали, во речиси бесконечни комбинации. Графиката овозможува тродимензионално приоѓање како во скулптурата, но и изразување со помош на беспрекорно рамни површини. Графичките методи на изработка можат да се користат било меѓусебно поврзани, било заедно со сликарството и скулптурата за да се добијат нови ефекти. Модерните графичари се служат со модерни техники — со фотографија, на пример, и со комерцијални материјали, користејќи ги за проширување границите на можностите на медиумите. Според тоа, графичките дела не мораат повеќе да претставуваат дела на хартија. На оваа изложба се прикажани графики на текстил, на акрилински материјал, со индивидуални, идентични, пластични кутии поставени во редови, како и на подвижни тркала од пластичен материјал.

Новите техники овозможија толку да се зголемат димензиите на графичките дела, што тие да доминираат на ѕидот како што е тоа случај со делата на сликарите. Навистина, многу сликари и скулптори ги привлекла графиката бидејќи биле фасцинирани од слободата што таа ја пружа. Техниките за изработка на графиките можат да се приспособат на талентот на секој уметник — почнувајќи од течната, експресионистичка линија на еден Де Кунинг, до ригурозната (но сепак не ладна) геометрија на еден Кели, или Стела, со многу простор за Лихтенстајновите трансформации на ликови од комичните публикации. Во еластичните граници на графиката, Бонтеку, Невелсон и Бебкин ја испитуваат суптилноста на црното, додека пак од друга страна овај медиум ги усмерува Анушкиевич и Френсис кон бујна игра на бои. Ова целокупно експериментирање се случува во рамките на техниките од кои некои се познати повеќе од еден век, а некои преку илјада години. Најранијот познат вид на графиката е дрворезот и таа гранка е застапена на оваа изложба со делата на Керол Самерс. Во исто време, тој е и најпознат вид, бидејќи и ние го користиме

истиот процес кога ставаме на хартија печат на некоја установа или кога употребуваме изрезбарено парче дрво за да го пренесеме цртежот на текстил. Оваа техника на сечење делови од површината на рамниот блок, така да потоа остане издигнат цртежот, се наречува релјефен отисок. Дрворезот е најпознатата релјефна техника, но се употребуваат блокови од линолеум и други материјали вклучувајќи ги печатите од гума. Ребкиновата графика е изработена со помош на релјефна техника во комбинација со колаж.

Обратниот процес — кога хартијата се втиснува во браздите или во перфорациите премачкани со мастило — се наречува инталјо. Цртежот може да биде врежан директно во плочата со некој инструмент како што е тоа случај со гравирањето и изработката на цртежот со помошна игла. Исто така, може да се примени некој хемиски метод при што плочата се премачкува со некоја инертна материја — со висок, кога се работи за киселини, или со гума кога се работи за акватинта. Мајкл Мејзур, ги употребува овие две методи за изработка на своите графики. Цртежот се врежува во површината на материјалот, а потоа со лиење во киселина или некој друг агенс се отстранува непокриениот метал, додека деловите заштитени со намазот остануваат негибнати. Потоа плочата се премачкува со мастило и се брише при што мастилото останува само во вдлабнатините на сликата.

Ако плочата не се премачкува со мастило тогаш се добива необоен, испупчен цртеж како што е тоа случај со тродимензионалните творби на Џаспер Џонс. Како многу други модерни графичари, Џонс комбинира медиуми и техники додавајќи ѝ во овој случај, пластични очила на несимпатичната маска на својот „Критичар".

Има многу начини на инталјо — техниката, вклучувајќи ја и употребата на мека подлога за работа со помош на киселини кога се втиснуваат стварни објекти за да се добие цртеж. Некои уметници употребуваат пластични материјали за да изработат калапи во кои се втиснува хартијата и на тој начин се постигнуваат речиси скулпторски ефекти.

Планографските процеси мошне многу е разликуваат од релјефот и инталјото, бидејќи не се врши всечување во камен или плоча. Во литографијата уметникот црта со маслени моливи или со мастило на препариран камен. Бидејќи маслото и водата не се мешаат, кога каменот ќе се навлажи, водата се припива во рамномерен слој

освен на местата преку кои поминал моливот. Кога каменот ќе се премачка со мастило, тогаш мастилото составено сè од масло, се одбива од површината намокрена со вода и се поврзува само на оние делови што се замастени и кои формираат површина за репродукција на сликата. Најголем дел од творбите на оваа изложба се литографии, а авторите на многу од нив се уметници кои се познати пред сè како сликари кои работат со маслени бои или на акрилински материјали. Планографскиот метод им овозможува да цртаат или сликаат на камен исто онака слободно како на хартија или платно не принудувајќи ги да прифатат некоја наполно нова техника. Техниката на свиленото сито е позната како метод за печатење на плакати, за печатење на текстил и за други комерцијални предмети. Сериграфијата е примена на оваа техника во уметничката графика. Тоа е метод на употреба на матрица: мастилото се истиснува низ порозните делови на ситото врз хартија формирајќи на тој начин цртеж. Сериграфијата е добро адаптирана за светлите бои, за ефектите реализирани со помош на остри рабови и за употреба на нови материјали, на пример на пластичен материјал. Овде се изложени сериграфиите на Анушкијевич, Бонтеку и Раушенберг. И. Џаспер Џонс во сериграфијата изработил букви на акрелинските делови во творбата „Критичарот гледа".

Уметничката графика овозможува како и сликарството извонредни и небанални ефекти. Но, додека современите сликарски дела се скапи и мошне големи по димензии за да можат да бидат излагани на друго место освен во општествените згради како што се на пример музеите, графичките дела можат да се умножуваат во десетици и стотици примероци. Тоа не се репродукции. Како и сликарските дела, тие претставуваат оригинални творби на уметникот кој секој примерок го потпишува и нумерира. Бидејќи графичките отисоци можат да се произведуваат во големи количини, делата на значајните современи уметници можат да стигнат и во приватните станови и во малите установи. Слично на вајарските дела што се произведуваат во повеќе одливи, уметничката графика претставува средство да се вклучи во секојдневниот живот она што е најдобро во современата уметност.

Меѓународна уметничка програма
на националната колекција на дела
од ликовните уметности од
Смитсоновата фондација во Вашингтон




**ЛУЈЗА НЕВЕЛСОН**

## К А Т А Л О Г

### РИЧАРД АНУШКИЈЕВИЧ

1. Бр. IV, од Албумот на шестте графики, свилено сито, 65/125, 24 x 24",1965.

2. Бр. VI, од Албумот на шестте графики, свилено сито, 65/125, 24 x 24",1965.

### ЛИ БОНТЕКУ

3. Свилено сито, свилено сито, 73/200, 13; 3/4 x 13", 1967.

### ВИЛЕМ ДЕ КУНИНГ

4. Без назив, литографија, 43/100, 15-3/4 x 12-1/4", 1967.

### СЕМ ФРЕНСИС

5. Без назив, литографија, 43/100, 17 x 22", 1967.

### ЏАСПЕР ЏОНС

6. Критичарот гледа, ацетат низ свилено сито и колаж, 73/200, 3-5/8 x 6; 1/2", 1967.

### ЕЛСВОРТ КЕЛИ

7. Без назив, литографија, 43/100, 16; 1/2 x 21", 1967.

### РОЈ ЛИХТЕНСТАЈН

8. Без назив, литографија, 43/100, 22 x 17", 1967.

### РИЧАРД ЛИНДНЕР

9. Сите претставуваме едно, литографија, 43/100, 20 x 13", 1967.

### МАЈКЛ МЕЈЗУР

10. Уметникот и неговата сенка, од серијата „Уметник и модел", акватинта, О. А., 22-3/4 x 19" (плоча), 1967.

### ЛУЈЗА НЕВЕЛСОН

11. Самрак во август, литографија, 43/100, 16-3/4 x 22", 1967.

### ХЕНРИ ПИРСОН

12. Лице, литографија, 43/100, 17 x 22", 1967.

### ЛЕО РЕБКИН

13. Суштествено црно, печатена графика со колаж на акрилинска хартија О.А., 1966.

**РОБЕРТ РАУШЕНБЕРГ**

14. Пасош, свилено сито на пластичен материјал, 73/200, 20" x 1; 1/4", 1967.

**ФРЕНК СТЕЛА**

15. Звездата на Персија II, литографија, 88/95, 1967.

**КЕРОЛ САМЕРС**

16. Хеопс, дрворез, 12/50, 28-3/4 x 21", 1967.
17. Водопад, дрворез, 12/50, 29 x 21", 1967.




**ЏАСПЕР ЏОНС**



**ФРЕНК СТЕЛА**



СЕМ ФРЕНСИС